Република Македонија
ОСНОВЕН СУД СТРУГА
Су.бр. 59/17-1
03.01.2018 година
Струга

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за судовите (Службен весник на Република Македонија бр.58/06, 62/06, 35/08 и 150/10) во врска со член 113 став 4 од Судскиот деловник (Службен весник на Република Македонија бр.66/13 и 114/14) Претседателот на Основниот суд во Струга, Ифет Бајрамоски, на 03.01.2018 година го утврди следниот:

# Р А С П О Р Е Д

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ ЗА РАБОТИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА ЗА 2018 ГОДИНА

СЕ ИЗМЕНУВА и дополнува Распоредот за работите во Основниот суд во Струга за 2018 година Су.бр. 59/17 од 27.12.2017 и тоа на страна 1 во делот на наведените надлежности на Претседателот на судот, на начин што после вториот пасус се додава трет кој гласи:

Во вонпарничниот оддел, по предметите со ознака „ВПП“, основ: тестамент и обид за спогодба, поради нивната итност, ќе постапува Претседателот на судот Ифет Бајрамоски. По однос на сите останати основи во предметите со ознака „ВПП“, ќе постапува судијата кој согласно распоред е определен да работи во вонпарничниот оддел.

Овој распоред ќе се применува од 03.01.2018 година.

Претседател на судот
Ифет Бајрамоски,с.р.